**Преглед со повисок приоритет – закажување и реализација**

| | |
|---|---|
| Назив на процедурата: | **Преглед со повисок приоритет – закажување и реализација** |
| ЗУ во кои се применува: | **Примарно, секундарно и терцијарно ниво на здравствена заштита** |

## I. Опис на процедурата

Оваа процедура се применува во случај кога при преглед којсе врши кај избран лекар или лекар специјалист/субспецијалист,се утврдила потреба од дополнителни упатувања кон лекар специјалист/субспецијалист или кон одредена дијагностичка процедура (апарат), во околности кога прегледот или дијагностичката процедура мора да се изврши приоритетно. Во тој случај лекарот ја избира можноста да креира **Упат со повисок приоритет**.

Упат со повисок приорите се креира кон одредена специјалност (категорија на апарат) и установа, без да се назначува лекарот или називот на апаратот. Упатот со повисок приоритет има важност од 7 (седум) календарски денови. Ова значи дека пациентот треба да биде прегледан од страна на специјалист (или да му биде извршена дијагностичка процедура) во рок од 7 календарски денови од денот на креирање на ваков тип на упат, односно потребно е пациентот да дојде на преглед во установата во рок од 7 дена. Пред да ја употреби оваа можност, лекарот или назначено лице во установата (оператор) задолжително треба да провери дали постои термин за регуларно закажување на преглед. Доколку не постои, тогаш може да ја употреби оваа опција.

Причината (образложението) за приоритетноста на упатот за прегледот кој се бара задолжително се внесува од страна на лекарот кој креира ваков тип на упат. Лекарот специјалист/субспецијалист кој врши реализација на Упат со повисок приоритет, во електронскиот систем Мој Термин задолжително означува дали според него прегледот бил со право означен како приоритетен од страна на лекарот кој упатува.

**Чекори при креирање на Упат со повисок приоритет кај избран лекар:**

1. Лекарот или назначеното лице (оператор) врши проверка на слободни термини кај лекар (апарат) кон кој треба да биде упатен пациентот.
2. Доколку не постои слободен термин во периодот за кој постои несомнена потреба да се изврши одреден преглед или дијагностичка процедура, се креира Упат со повисок приорите кон одредена специјалност (категорија на апарат) и установа.
   Во друг случај, доколку постои слободен термин, прегледот се закажува на вообичаен начин.
3. При креирање на упатот, во полето предвидено за образложение за приоритетност на преглед, задолжително се пишува текст со кој се објаснува потребата од преглед со повисок приоритет.
4. Од страна на лекарот или назначено лице во установата (оператор) се печати упатот и на пациентот му се даваат инструкции дека е потребно да се појави на закажаниот преглед во најбрз можен рок (не подолг од 7 календарски денови)

**Чекори при креирање на Упат со повисок приоритет кај лекар специјалист/ субспецијалист:**

1. Лекарот специјалист/субспецијалист при креирање на упат, доколку смета дека пациентот треба да биде упатен на преглед со повисок приоритет, тој тоа го забележува при креирање

на упат во делот Упатување.

2. При креирање на упатот, во полето предвидено за образложение за приоритетност на преглед, задолжително се пишува текст со кој се објаснува потребата од преглед со повисок приоритет.
3. Лекарот или назначеното лице (оператор) врши проверка на слободни термини кај лекар (апарат) кон кој треба да биде упатен пациентот.
4. Доколку не постои слободен термин во периодот, се креира Упат со повисок приорите кон одредена специјалност (категорија на апарат) и установа.
   Во друг случај, доколку постои слободен термин, прегледот се закажува на вообичаен начин.
5. Од страна на лекарот или назначено лице во установата (оператор) се печати упатот и на пациентот му се даваат инструкции дека е потребно да се појави на закажаниот преглед во најбрз можен рок (не подолг од 7 календарски денови)

**Реализација на преглед за кој е креиран Упат со повисок приоритет:**

1. Установата (менаџерскиот тим) е должна да го организира прегледувањето на пациенти кои се упатени на преглед со Упат со повисок приоритет.
2. Пациентите кои се упатени на преглед со Упат со повисок приоритет се должни при доаѓање во установата да се информираат каде ќе бидат прегледани.
3. Пациентите кои се упатени на преглед со Упат со повисок приоритет се појавуваат во електронскиот систем во листата на пациенти во одредена установа кај одредена специјалност започнувајќи од денот кога е креиран упатот. Тие ќе бидат во листата се додека не се реализира упатот, односно додека не бидат прегледани, но не подолго од 7 календарски денови.
4. Реализацијата на преглед со повисок приоритет се врши на вообичаен начин. Дополнително, при креирање на извештајот, лекарот специјалист/ субспецијалист означува дали смета дека прегледот е од повисок приоритет. Воедно тој пополнува образложение за неговото мислење за приоритетноста на прегледот.

**НАПОМЕНА:** За креирањето на Упати со повисок приоритет, во системот Мој Термин ќе се генерираат периодични статистички извештаи и истите ќе бидат доставени до специјално стручно тело кое ќе има задача да утврди можни злоупотреби при креирање на ваков тип на упати. Секоја злоупотреба ќе биде соодветно санкционирана.